Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***француски јазик (втор странски јазик)*** за III (трета) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

(Втор странски јазик)

***модуларно дизајнирана***

## за III година

Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на обувки

**образовен профил / квалификација**

Угостителско-туристичка / Угостителство и туризам,

Текстилно-кожарска / Текстил, кожа и слични производи

**струка / сектор**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Француски јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 4 (четири) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+1, 1 кредит одговара на 25 часа активности на ученикот, од кои 8 часа за домашна работа, 8 часа за подготовка за писмени работи и 9 часа за самостојно учење) |
| **Струка** | Угостителско-туристичка, Текстилно-кожарска |
| **Сектор** | Угостителство и туризам, Текстил, кожа и слични производи |
| **Образовен профил** | Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на обувки |
| **Назив и ниво на квалификација** | Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации,Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на обувки<br><br>**IV (четврто) ниво**<br><br>Согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* после првата година на изучување на францускиот јазик во средното образование може делумно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може целосно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по третата година учење на францускиот јазик во средно образование може делумно да се достигне Б1 (преодно ниво) и по завршувањето на IV година, може целосно да се достигне Б1 (преодно ниво) . |
| **Година на изучување** | III (трета) |

[1]Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).* |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА<br>• ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА<br><br>**НАПОМЕНА:** Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорна продукција и интеракција и писмено изразување и интеракција), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици, граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните компоненти.<br><br>Понудените содржини се задолжителни, но наставникот користи примери од други извори и ја прилагодува наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата, во однос на просторните услови за реализација, се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за трета година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за трета година на средното образование. |

| | |
|---|---|
| | Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците и помеѓу наставникот и учениците, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *француски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по француски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и книжевност- наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и литература - друга насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за наставата по француски јазик на акредитирана високообразовна установа. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 1: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-издвои општи и конкретни информации при разговор со соговорникот или од слушнат текст во врска со планирање на некое патување или настан; | L'hôtel, le camping, l'auberge, le circuit, le trajet, les croisières, les chaînes d'hôtels, l'agence de voyage, la carte d'embarquement<br><br>-Avec son trajet direct (1h15, 75 km) et ses horaires adaptés à ceux des vols, notre service de navette Paris–Beauvais est la solution la plus économique et rapide pour vous rendre à l'aéroport ou le quitter. Les navettes sont sans arrêt entre l'aéroport Paris-Beauvais et le parking Pershing situé au niveau de la porte Maillot, à Paris, à proximité de stations de RER (ligne C) et de métro (ligne 1).<br><br>-Pourriez-vous me donner quelques précisions sur l'achat des tickets, s'il vous plaît ?<br>-Vous pouvez acheter vos tickets sur place. Le prix pour une personne de 12+ est de 29 euros. Vous pouvez profiter d'un tarif réduit en réservant vos tickets de navette en ligne.<br><br>-J'aimerais passer mes vacances d'hiver à la montagne, dans un chalet. | **Активности:**<br>- Вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација итн.;<br>- слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- препознавање на значењето на пораката според интонацијата;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- одговорање на прашања од типот *точно/неточно* , отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- подредување на слушнати информации во табели;<br>- поврзување слики со слушнат текст.<br><br>**Методи:**<br>- Вербални методи: *дијалошки или метод на* | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. препознае поими кои означуваат туристички сместувачки објекти, дестинации и сл.;<br><br>1.2. идентификува поими поврзани со организирање на некое патување или на некој настан;<br><br>1.3. издвојува информации од разговор со соговорникот или од слушнат текст во врска со планирање патување или настан;<br><br>1.4. класифицира главни информации во врска со некое патување или настан. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - издвои општи и конкретни информации при разговор со соговорникот за некоја понуда/побарувачка; | Le service, la demande, l'offre, la livraison, la commande, le livreur, l'ordre, l'instruction, le montant, la référence, le prix;<br>charger, décharger.<br><br>-Nous vous conseillons d'acheter une machine à café automatique, capable de préparer les variations de café les plus diverses. Ainsi, vous pouvez préparer un café au lait au petit-déjeuner, un expresso après le repas de midi ou un cappuccino l'après-midi. Consultez notre page Facebook pour choisir le modèle qui vous convienne. Plusieurs modèles sont en promotion ce week-end, profitez-en. La livraison est gratuite.<br><br>-Les chambres à 2 lits sont un peu plus chères que les chambres à lit double. Les chambres à un lit sont rares et souvent exiguës. Les chambres sans salle de bain sont environ 20 % moins chères. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. препознава поими што се користат при разменување информации за некоја понуда/побарувачка;<br><br>2.2. идентификува главни информации од разговор со соговорникот за некоја понуда/побарувачка;<br><br>2.3. издвојува детални информации од разговор со соговорникот за некоја понуда/побарувачка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -издвои конкретни информации од слушнат текст или при разговор со соговорникот, во кои се опишува работната средина и се искажува совет, задолжение и упатство; | L'environnement de travail, le bâtiment, l'entreprise, le poste d'emploi, la fonction, les conditions de sécurité et d'hygiène des locaux ;<br>le bureau, l'armoire, le fauteuil, la chaise, le stylo, le crayon, l'ordinateur, l'imprimante, la corbeille à papier, le classeur, l'agrafeuse, le tampon,<br>la cuisine, la table, le couvert (la tasse, le verre, l'assiette, la fourchette, la cuillère, le couteau).<br><br>-Il est souhaitable d'assurer un environnement de travail agréable et motivant pour augmenter la productivité de ses salariés.<br><br>-J'adore mon bureau de 10m$^2$. Il est lumineux, bien meublé, assez ouvert et m'offre une ambiance très agréable.<br><br>- Pour moi, c'est un vrai plaisir de travailler ici, on n'est pas des collègues mais des gens qui sont heureux de se retrouver. Je travaille mieux et beaucoup plus vite.<br><br>-Mettez ce plat dans le four. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>3.1. препознава поими што служат за разменување информации на тема: Работна средина;<br><br>3.2. препознава изрази со кои се искажува совет, задолжение и упатство;<br><br>3.3. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во врска со работната средина;<br><br>3.4. издвојува детални информации од краток едноставен слушнат текст на тема: Работна средина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | -идентификува конкретни информацииод слушнат текст или при разговор со соговорникот, во кои се /даваат информации за некој производ/услуга. | Le produit, l'article, le service de bonne/mauvaise qualité, la livraison gratuite/payable, le prix raisonnable.<br><br>-Achetez-le à moitié prix.<br>Pour un article acheté, le second est à moitié prix.<br><br>-J'aimerais acheter une tasse à café décorée et bon marché.<br><br>-Et la TVA est comprise dans le prix de l'ordinateur?<br><br>-Une belle nouveauté, "la brochette de langoustines"! Découvrez nos délicieuses brochettes de langoustines papillon, prêtes à griller arrosées de citron ou beurre doux. On peut également les apprêter sur le BBQ ou au four. Ce produit se vend bien en accompagnement avec un steak, du poulet ou encore en entrée! Informez-vous auprès de notre représentant. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>4.1. препознава поими и изрази со кои се опишува некој производ/услуга;<br><br>4.2. препознава изрази со кои се бара/дава информација за цената;<br><br>4.3. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во кои се прашува/одговара за карактеристиките на некој производ/услуга;<br><br>4.4. издвојува детални информации од едноставен слушнат текст или при разговор со соговорникот во кои се бараат/даваат информации за некој прозвод/услуга. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 2: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

---

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>-идентификува конкретни информации во кратки и едноставни текстови, во кои е искажан некој план; | L'hôtel, le chalet, le bungalow, l'appartement, le studio, le refuge de montagne, la chambre d'hôte, l'auberge de jeunesse.<br><br>Cette année, pour la fête de la ville, la municipalité prévoit un budget plus restreint que celui de l'année dernière. Des groupes de musiciens et de danseurs locaux participeront gratuitement au spectacle qui aura lieu sur la place centrale. Sur un espace buvette restauration, des associations et des commerçants de la ville proposeront aux habitants des mets de leur cru. Les seuls frais à payer seront ceux pour le feu d'artifice. | **Активности:**<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци, врз основа на наслови, илустрации, фотографии, типографски и други елементи карактеристични за различни видови текст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- вежби за идентификување зборови и изрази;<br>- подредување зборови, реченици, пасуси, слики и сл., по логичен редослед;<br>- пополнување празни места во текстови, табели и | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.1. препознае поими што означуват угостителски сместувачки објекти, туристички дестинации и сл.;<br><br>1.2. издвојува поими што се поврзани со едноставен план во врска со непосредниот домен на интерес;<br><br>1.3. издвојува информации од краток едноставен текст во кој е искажан некој план. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -издвои конкретни информации во едноставен текст или електронска порака, во кои е опишана работната средина и активностите во неа; | L'accueil, la banque d'accueil, l'employé, le client;<br>être actif, dynamique, ambitieux, responsable;<br>collaborer, respecter, préparer, présenter.<br><br>La réception, le réceptionniste, le registre, la femme de chambre, chambre simple, chambre double, chambre non-fumeurs, la climatisation, l'hôtel sans étoile, l'hôtel 3 étoiles.<br><br>La salle, la table, la chaise, le tableau blanc, le projecteur, la bibliothèque,...<br>Les cours, les cours pratiques, les activités extra-scolaires, les échanges scolaires.<br><br>PARTICULARITES CONCERNANT CERTAINES SEANCES<br>L'usage des calculatrices n'est pas autorisé pour toutes les épreuves scientifiques. Il est rappelé que tout échange de calculatrices entre candidats est rigoureusement interdit.<br>Pour les compositions de français et de langues vivantes l'usage de dictionnaires ou de traductrice | реченици;<br>- одговорање на прашања од типот точно/неточно, отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- давање наслови на одредени делови од текст;<br>- подредување на реченици и пасуси од краток и едноставен текст по логичен редослед.<br><br>**Методи:**<br>- Документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски методи: покажување на слики, цртежи и аудио и видео снимки;<br>-метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. препознава зборови поврзани со работната средина и активностите во неа;<br><br>2.2. издвојува конкретни информации во едноставен текст поврзан со работната средина и активностите во неа;<br><br>2.3. класифицира информации од едноставен текст кој содржи опис на работната средина и активностите во неа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -идентификува конкретни информации во кратко писмо или електронска порака, во кои се бараат/даваат информации за некој производ/услуга. | Les articles alimentaires et ménagers, la confiserie, les boissons, l'alimentation, les produits au quotidien, l'emballage, la livraison.<br><br>Madame,<br><br>Lors de votre courrier du 2 octobre, vous avez souhaité obtenir des renseignements sur nos services de repas pour les enfants. Dans ce sens-là, nous vous répondons que de petits plats préparés par notre équipe ayant plusieurs années d'expérience sont toujours bien accueillis par notre clientèle la plus petite. Si vous êtes hébergés au Relais, une petite cuisinette vous attend pour vous permettre de préparer vos recettes en toute simplicité.<br>Aussi, nous nous permettons de vous adresser notre catalogue avec le menu, qui vous fournira toutes les précisions utiles. Nous espérons que vous y trouverez toutes les réponses à vos questions et que nous aurons le plaisir de vous accueillir dans l'avenir plus proche.<br><br>Je vous prie de recevoir, Madame, l'expression de mes sentiments les meilleurs. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. препознае поими што се однесуваат на различни видови производи;<br><br>3.2. препознае поими што се однесуваат на различни видови услуги;<br><br>3.3. издвои поими и изрази со кои се опишани карактеристики на производи и услуги;<br><br>3.4. споредува и класифицира информации поврзани со производи и услуги од непосредниот домен на интерес. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 3:  ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-искаже едноставен план за организирање на патување, настан; | L'agence de tourisme, le transport, la destination : la ville, le village, la campagne, la montagne, la colline, le lac, la mer, l'île, l'endroit, les monuments, la fête d'anniversaire, l'évènement culturel/sportif.<br><br>-Connaissez-vous La Rochelle ? C'est le nom d'une ville située dans l'ouest de la France. Dans le centre-ville, on peut, par exemple, visiter l'Hôtel de ville. La visite coûte 3 euros 50 pour un adulte. Autre visite intéressante : la Tour de la chaîne. L'entrée coûte 5 euros, mais le premier dimanche de chaque mois (entre novembre et mars), c'est gratuit.<br>Il y a aussi de nombreux musées: le Musée maritime, le Musée des beaux-arts, le musée du Nouveau-Monde.<br>Vous pouvez aussi visiter la région de La Rochelle. Il y a notamment deux îles très touristiques : il y a l'île de Ré et l'île d'Oléron accessibles en bus et en bateau.<br>Pour avoir plus d'informations, contactez-nous au 032.45.67.89. | **Активности:**<br>а) *Говорна интеракција:*<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње на улоги според дадени модели;<br>- учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот.<br><br>б) *Усно искажување:*<br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- прераскажување на кратки едноставни текстови на познати теми;<br>- вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности од типот: глув телефон, бинго и сл. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.1. именува поими поврзани со туристичко патување;<br><br>1.2. именува поими поврзани со организирање на некој настан;<br><br>1.3. предложи едноставен план на некое патување/настан;<br><br>1.4. разменува едноставни информации со соговорникот во врска со некој план за патување или настан. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -разменува информации со својот соговорник за некоја понуда/побарувачка; | -Bonjour, Madame. Je suis le secrétaire d'un lycée à Lyon. Notre école prévoit de visiter votre musée le 24 janvier. Pourrions-nous bénéficier d'une réduction sur les billets pour un groupe de 54 étudiants et trois enseignants?<br>-Bonjour, Monsieur. Nous accordons une réduction sur le prix d'un billet de 12 à 7 euros si le groupe compte 60 personnes. Sinon, pour les étudiants, le prix du billet, pour les visites organisées, est de 9 euros.<br>-Je vous remercie, Madame. Nous allons prendre en compte ce fait. Au revoir, Madame.<br>-Je vous en prie, Monsieur. Au revoir. | **Методи:**<br>- Вербални методи: монолошки метод на изложување на содржините (опишување, раскажување, објаснување), дијалошки или метод на разговор (игра по улоги);<br>- демонстрациски методи: претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување на слики, цртежи;<br>-метод на работа со компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. набројува поими што се употребуваат при разменување нформации за некоја понуда/побарувачка;<br><br>2.2. разговара со својот соговорник за некоја понуда/побарувачка;<br><br>2.3. искажува свое мислење во врска со дадена понуда за производ/услуга. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -даде краток едноставен опис на својата работна средина и активностите во неа; | La classe, le banc, la chaise, le bureau, le tableau, la craie, le feutre, le devoir, les cours, la cantine, la cartable, l'emploi du temps, le matériel scolaire, la trousse, l'uniforme;<br>apprendre, enseigner, suivre un cours, réussir, rater, redoubler.<br>Le laboratoire, la cuisine, la table chaude, la copie, l'imprimante, le fax, le comptoir.<br><br>- Dans notre école, on envisage d'obliger les enfants à porter l'uniforme.<br>- Personne n'est jamais d'accord sur ce sujet.<br>- Je ne pense pas qu'un uniforme changera quelque chose dans le comportement des élèves.<br><br>-Mon bureau est très ensoleillé, avec quatre fenêtres qui donnent sur le lycée professionnel. Les élèves de cette école viennent suivre leurs cours pratiques dans mon entreprise. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>3.1. наброи простории и предмети во училиштето/работната средина;<br><br>3.2. наброи активности во училиштето/работната средина;<br><br>3.3. опише својата работна средина и активностите во неа;<br><br>3.4. разменува информации со својот соговорник за својата работна средина и активностите во неа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | -искаже совет, задолжение, упатство; | -Sois prudent avec les couteaux! Il faut faire plus attention!<br><br>-N'hésitez pas à nous contacter pour plus d'instructions.<br><br>-Préparez, jusqu'à 14 heures, le procès-verbal de la réunion de ce matin.<br><br>-Établissez les itinéraires des voyages et faites les réservations nécessaires pour le mois prochain. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>4.1. употребува соодветни зборови и изрази за искажување совет, задолжение,упатство, поврзани со доменот на интерес;<br><br>4.2. искаже совет поврзан со доменот на интерес;<br><br>4.3. искаже задолжение поврзано со доменот на интерес;<br><br>4.4.искаже упатство поврзано со доменот на интерес. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | -побара/даде информации за производ/услуга. | -Je suis très intéressé par votre nouveau produit. Combien cela coûte?<br><br>-Le prix de cette robe est trop élevé. Regarde la bleue, elle a une réduction de 20%.<br><br>- À ce prix-là, on apprend le français avec des professeurs francophones, diplômés et expérimentés. Ils ont des horaires flexibles et se donnent des objectifs individualisés, l'une des meilleures méthodes sur le marché. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>5.1. именува поими и изрази кои се користат за опис на некој производ или услуга;<br><br>5.2. разменува информации со својот соговорник за некој производ или услуга;<br><br>5.3. споредува понуди, разговара за предности и недостатоци на понуди. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 4: ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-пишува куси насочени состави и електронски пораки во кои ќе ги искаже своите планови; | Chère Laurence,<br><br>Cette année, je passerai mes vacances avec mes amis belges en Croatie, un pays pittoresque au bord de la mer Adriatique. Notre vol est prévu pour le 12 juillet. Après, nous prendrons un bus. Le voyage coûtera très peu parce que nous avons fait les réservations il y a deux mois.<br><br>Nous serons logés dans un petit pavillon à côté de la plage. Nous prendrons la pension complète pour profiter de la cuisine locale. Je t'écrirai de Croatie.<br><br>Bisous,<br><br>Luc. | **Активности:**<br>- Подредување зборови во слеана низа;<br>- пишување по диктат;<br>- пополнување формулари;<br>- доврпшување реченици или краток текст;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување пораки, кратки пријателски писма и електронски пораки;<br>- пишување краток едноставен состав (од 100-150 збора) според дадени слики, аудитивни или | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. употребува соодветни формули за формално обраќање и завршување електронска порака;<br><br>1.2. применува основни поими и изрази за искажување план;<br><br>1.3. составува електронска порака во која ги искажува своите планови;<br><br>1.4. составува кус насочен состав во кој ги искажува своите планови. |

---

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -пишува куси насочени состави и електронски пораки во кои ќе ја опише својата работна средина и активностите во неа; | Notre école est un établissement d´enseignement professionnel qui offre des études pour le cycle secondaire avec baccalauréat.<br>Notre école peut se vanter de posséder deux salles multimédia où on enseigne l'informatique. Elles sont mises à la disposition des élèves pour consulter, chercher ou se préparer pour les cours, surfer sur le web ou envoyer des e-mail personnels.<br>Les classes spécialisées de gastronomie sont bien équipées et permettent aux élèves de participer individuellement aux cours pratiques. Notre école possède bien sûr son propre gymnase où se tiennent des cours d'éducation physique ainsi que des compétitions sportives régionales.<br>Le buffet du lycée est fait pour le rafraîchissement pendant la journée scolaire. Il est possible d´y acheter des boissons chaudes et fraîches, des sucreries, des baguettes. | визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>-групна изработка на постер;<br>- самостојна изработка на тематски постери и сл.<br><br>**Методи:**<br>-Операциски методи: метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување);<br>-Метод на работа со компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1. употребува соодветни формули за формално обраќање и завршување електронска порака;<br><br>2.2. применува едноставни поими и изрази за опишување на својата работна и активностите во неа;<br><br>2.3. дава едноставни упатства за реализирање одредени активности поврзани со струката;<br><br>2.4. составува кус насочен состав или електронска порака во кои ја опишува својата работна средина и активностите во неа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -пишува кратки електронски пораки во кои ќе побара/даде информации за некој производ или услуга. | Madame, Monsieur,<br><br>Particulièrement intéressé(e) par vos services comptables, dont j'ai récemment entendu parler, j'aimerais obtenir plus de renseignements.<br>Votre service *Consultations fiscales pour particuliers* semble répondre à un besoin me concernant.<br>Cependant, je souhaite obtenir un complément d'information, notamment sur vos déclarations d'impôts pour étudiants.<br>Merci de me faire parvenir les informations demandées.<br><br>Dans cette attente, je vous prie de recevoir, Madame, Monsieur, l'expression de mes sentiments les meilleurs,<br>XXX | | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1. употребува соодветни формули за формално обраќање и завршување електронска порака;<br><br>3.2. применува едноставни поими и изрази при барање/давање информации за некој производ или услуга;<br><br>3.3. составува кратка електронска порака во која бара/дава информации за некој производ или услуга. |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година.<br>Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти, тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување.<br>Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на трета година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | **Учебна 2021/2022 година** |
| Институција/<br>носител на програмата | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-11378/6<br>04.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |